РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бр. 02-593/1
29-01- 2014 година
Скопје

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и бр.13/14) и член 113 став 2 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13 и 187/13), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата, бр.02-520/2 од 29.01.2014 година, на 05-та седница одржана на 29.01.2014 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за отпремнина при одење во пензија

1. На работникот, Слободан Беличански, распореден на работното место – раководител на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права, му се одобруваат финансиски средства во износ од 42.276,00 денари (нето износ), како отпремнина при одење во пензија.

2. Средствата утврдени во точка 1 од оваа Одлука, се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014-та година.

3. Оваа Одлука влегува во сила веднаш, а исплатата на финансиските средства од точка 1 на оваа Одлука на работникот, Слободан Беличански, ќе се изврши по исполнувањето на законските услови за одење во пензија односно со наполнување 64 години возраст.

## Образложение

Во согласност со член 113 став 2 од Законот за работните односи, работникот има право на отпремнина при одење во пензија, согласно постојните законски прописи и подзаконски акти.

Работникот Слободан Беличански, Раководител на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права во месец април 2014 година (2-ри април), ќе ги исполни условите за прекин на Договорот за вработување поради возраст на работникот (наполнување 64 години возраст).

Со оглед на тоа, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, која во согласност со член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ги презема средствата, правата, обврските, архивата и вработените во Стручната

служба на Советот за радиодифузија, одлучи на работникот, Слободан Беличански, раководител на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права, да му се одобрат финансиски средства во износ од 42.276,00 денари (нето износ), како отпремнина при одење во пензија, кои средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014-та година. Како основица за пресметување на отпремнината е земена просечната месечна плата во Република Македонија, исплатена во последните три месеци односно 21.138,00 денари.

Следствено на горе наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и бр.13/14) и член 113 став 2 од Законот за работните односи, а во согласност со Заклучокот на Агенцијата, бр.02-520/2 од 29.01.2014 година, на 05-та седница одржана на 29.01.2014 година, донесе одлука како во диспозитивот. Оваа Одлука влегува во сила веднаш, а исплатата на финансиските средства од точка 1 на оваа Одлука на работникот, Слободан Беличански, ќе се изврши по исполнувањето на законските услови за одење во пензија односно со наполнување 64 години возраст.

**Агенција за аудио и аудиовизуелно медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука работникот има право на Приговор до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Одлуката.

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Именуваниот;
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.